ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1194/2
17-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 - та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр.09-3259/1 од 18.12.2025 година, оформен против службеното лице ----, директор на --------, СЕ ЗАПИРА од причина што не е констатирано постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во делот на судир на интереси и ограничувања во соработката со правни лица.

Да се оформи предмет за проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на службеното лице -------, директор на ------- во Владата на РСМ.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива оформи предмет со бр.09-3259/1 од 18.12.2025 година, по повод објави во медиумите и на социјалните мрежи дека семејна фирма на директорот на ----- Владата на РСМ, ----, добила тендери во повеќе државни и јавни институции.

Кон веќе оформениот предмет се приклучени две пријави со исти наводи, поднесени од две политички партии. Во истите се посочува дека актуелен управител на фирмата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

е лице кое е близок пријател на директорот на ----, за што како доказ се посочуваат фотографии објавени на социјалните мрежи на кои двете лица се во заедничко друштво.

При одлучувањето во овој предмет, Државната комисија ги разгледа сите наводи содржани во пријавите, како и информациите објавени во медиумите и на социјалните мрежи, при што изврши увид во релевантните податоци од Централниот регистар на РСМ, Електронскиот систем за јавни набавки и други јавно достапни извори.

Од утврдената состојба произлегува дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги ------- Скопје (претходно -------- Скопје) било основано од лицето ------, кое во изјавата за имотна состојба и интереси поднесена од службеното лице ------- е наведено како негов татко. Ова лице престанало да биде управител на друштвото на 20.12.2021 година, а како содружник истапило на 29.12.2022 година.

Овие промени се извршени пред именувањето на пријавеното лице на функцијата директор на ------- Владата на РСМ, на 28.06.2024 година.

На 17.09.2025 година била извршена нова промена, со која како сопственик и управител на друштвото е запишано лицето ----- од Струга, кое согласно податоците за вистински сопственик поседува 100% од уделот.

Од увидот во Електронскиот систем за јавни набавки се утврди дека не се наведени податоци за склучени договори помеѓу наведеното трговско друштво и ----- Владата на РСМ, односно институцијата со која раководи службеното лице.

Согласно со член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, постои законска забрана за воспоставување деловни односи помеѓу службено лице и правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство, или во кое тие имаат удели или управувачка улога.

Пријавеното службено лице е именувано на функцијата директор на ---------Владата на РСМ на 28.06.2024 година. Оттука, од податоците во трговскиот регистар произлегува дека во периодот на вршење на функцијата друштвото не е во сопственост, ниту управувано од член на неговото семејство.

Од увидот во податоците од Електронскиот систем за јавни набавки произлегува дека наведеното трговско друштво во периодот од 2023 година до денес има склучено

повеќе договори со различни договорни органи, претежно за услуги за одржување на хигиена. Притоа, не се утврдени договори склучени помеѓу ова трговско друштво и ------------ Владата на РСМ.

Државната комисија ги разгледа и наводите дека актуелниот сопственик на друштвото е близок пријател на службеното лице. Меѓутоа, согласно член 8 став (4) од ЗСКСИ, поимот „блиско лице" е прецизно дефиниран и не ги опфаќа пријателските односи. Поради тоа, ваквите наводи сами по себе не претставуваат правен основ за утврдување судир на интереси во смисла на Законот.

Во однос на наводите содржани во пријавите дека пријавеното лице вршело донации на политичка партија, Државната комисија утврди дека тие донации се направени во периодот 2020–2023 година, пред пријавеното лице да се стекне со статус на службено лице. Согласно надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија ја оценува имотната состојба и интересите на лицата во периодот кога тие имаат статус на службени лица, поради што овие наводи не беа предмет на понатамошна оценка во рамки на оваа постапка.

Имајќи предвид дека Државната комисија при одлучувањето е врзана исклучиво од утврдените факти и применливите законски одредби и не може да утврдува одговорност надвор од законски пропишаните услови, при што оценката за постоење на судир на интереси се врши врз основа на критериумите утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а не врз основа на претпоставки или неформални односи кои не се опфатени со законската дефиниција на судир на интереси, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај не се утврдени елементи на прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во делот на судир на интереси и ограничувања во соработката со правни лица.

Поради тоа, ДКСК одлучи постапката да се запре бидејќи во конкретниот случај не е утврдена сопственичка или управувачка поврзаност на службеното лице или член на неговото семејство со наведеното трговско друштво, ниту пак постоење на договорен однос помеѓу тоа правно лице и органот со кој раководи службеното лице, поради што не се исполнети законските услови за утврдување судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Сепак, имајќи ја предвид потребата од целосно расчистување на сите околности и во насока на зајакнување на јавната доверба во интегритетот на носителите на јавни

функции, и покрај тоа што врз основа на утврдените факти не се констатирани елементи на судир на интереси, Државната комисија оцени дека е потребно да се започне постапка за проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на службеното лице, во рамки на која ќе се испитаат сите околности поврзани со имотната состојба и финансиските односи на службеното лице.

Од наведените причини Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. – член на ДКСК